681

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting ВЕЧЕР
Скопје
9. II. 1966

Иницијатива за поздравување

# ПРОДАЖНА ГАЛЕРИЈА

**● МЛАДИТЕ АКАДЕМСКИ СКУЛПТОРИ ДРАГАН ПОПОВСКИ И БОРИС НИКОЛОВСКИ, СВОЕТО АТЕЛЈЕ ГО ПРЕТВОРААТ ВО ПРОДАЖНА ГАЛЕРИЈА**

Одамна македонските ликовни уметници настојувале во градот да се воспостави една институција што ќе има задача на публиката да ѝ ги прикажува нивните дела, а со цел од нив да направи и купувачи, што по достапни цени ќе можат во своите станови да имаат вистински уметнички дела. Одамна настојуваат македонските ликовни уметници, но еве до ден денешен, многуте предлози и желби неможеа да се остварат.

**Тоа и натера двајца млади ликовни уметници, академските скулптори Драган Поповски и Борис Николовски од Скопје, да се обидат на публиката, овој пат купувач, да и понудат ликовни дела, пред се своите, а доколку се покаже реална замислата и доколку кај публиката наидат на интерес, а кај другите ликовни уметници на разбирање, и делата на другите македонски ликовни уметници.**

Кон воспоставувањето на една таква продајна галерија тие појдоа на тој начин што преградија еден дел од своето заедничко ателје, го снабдеа со свои скулптури, цртежи и графики и го отворија за публиката.

**Всушност тоа уште не е отворено туку тоа ќе се случи на 20 овој месец, па од тој ден во секое време оној што сака да набави ликовно дело, во секое време ќе може да наврати и да ја разгледа (и купи нешто) изложената колекција.**

Доколку купувачот изрази желба да добие дело од некој друг македонски ликовен уметник, Драган Поповски и Борис Николовски, ќе се обидат да ги задоволат нивните желби.

Ова е прв пат кај нас на ваков начин ликовните дела да дојдат до публиката и тоа треба да се поздрави и поткрепи, зашто не секогаш љубителите на ликовната уметност имаат можност по достапни цени (Во овој случај скулптурите ќе се продаваат од 30—40 илјади стари динари) да имаат во својот стан едно уметничко дело.

На крајот да дадеме неколку податоци за младите уметници. Драган Поповски има завршено Академија на ликовните уметности во Белград, а Борис Николовски соодветна Академија во Љубљана.

За оние што ги заинтересиравме да ја кажеме и адресата на продајната галерија на младите скулптори. Таа се наоѓа во дворот на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје.

А. П.